РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**октомври 2012 година**



Скопје, декември 2012 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври 2012 година

- Индустриското производство во октомври 2012 година забележа раст од 0,2% во однос на септември 2012 година;
- Стапката на инфлација на годишна основа изнесува 5,3%, а на месечна основа 0,2%. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - октомври 2012 година изнесува 3,1%;
- Годишен пад на физичкиот обем на извозот во периодот јануари-октомври 2012 година од 12,5%, со вредносен пад од 3,3% и пад на увезените количини на стоки од 1,4%, со вредносен раст од 0,3%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 6,8% во однос на истиот период од 2011 година;
- Поголемо остварување на вкупните приходи во Буџетот од 0,5% и зголемена реализација на вкупните расходи од 3,2% во периодот јануари- октомври 2012 година во однос на истиот период лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 13.224 милиони денари (2,72% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 11.451 милиони денари (2,35% од БДП);
- Раст од 5,9% на годишна основа на вкупните кредити кон приватниот сектор и раст од 5,5% на вкупниот депозитен потенцијал на банките;
- Намалување на бројот регистрирани невработени лица за 14% во октомври 2012 година споредено со истиот месец лани.

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Индустриското производство во октомври 2012 година во однос на септември 2012 година забележа раст од 0,2%. Секторската анализа укажува дека раст од 8,8% е забележан во секторот Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација. Секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 2,3%, а Преработувачката индустрија пад од 0,4%. Десезонираниот месечен раст на индустриското производство во октомври 2012 година изнесува -0,1%, што укажува на позитивни сезонски ефекти во индустријата. Значителен раст на месечно ниво е остварен кај следните гранки: производство на кожа и производи од кожа од 77,5%, производство на облека од 48,0%, производство на хемикалии и хемиски производи од 20,6%, производство на пијалаци од 19,9%, печатење и продукција на снимени медиуми 10,6% и производство на електрична опрема од 10,4%.

| Индустриско производство (во %) - октомври 2012 година | м/м-12 | м/м-1 | I-X 2012 / I-X 2011 |
|---|---|---|---|
| Вкупно | -4,6 | 0,2 | -6,7 |
| Рударство и вадење камен | -13,7 | -2,3 | -5,2 |
| Преработувачка индустрија | -1,0 | -0,4 | -6,4 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | -26,8 | 8,8 | -8,8 |

Извор: ДЗС




Во октомври 2012 година индустриското производство забележа пад од 4,6% во споредба со октомври 2011 година. Анализирано по сектори, секторот Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација забележа пад од 26,8%, Рударство и вадење камен пад од 13,7% и Преработувачка индустрија пад од 1,0%.

Во рамките на преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 9 од 23 гранки, кои сочинуваат 29,14% од индустриското производство. Раст е забележан кај една од трите носечки гранки со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство. Така, значителен раст од 30,6% е остварен кај производството на облека. Производството на метали забележа пад од 7,5%, а производството на прехранбени производи пад од 1,4%. Висок раст на годишна основа е регистриран кај производството на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема од 86,5%, производството на пијалаци 42,3%, производството на кожа и слични производи од кожа 21,9% и производството на текстил 15,9%. Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во октомври 2012 година има производството на облека (3,5 п.п.), а најголем негативен придонес има производството на кокс и рафинирани нафтени производи (-4,4п.п.).

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари – октомври 2012 година во однос на истиот период од 2011 година регистрира пад од 6,7%. Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 8,8%, секторот Преработувачка индустрија забележа пад од 6,4%, а секторот Рударство и вадење камен пад од 5,2%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во октомври 2012 година во однос на октомври 2011 година покажуваат раст на производството кај групите: Капитални производи од 28,7%, Трајни производи за широка потрошувачка 13,3% и Интермедијарни производи, освен енергија 1,1%. Пад на производството има кај групите: Енергија 36,0% и Нетрајни производи за широка потрошувачка 3,5%.




На месечно ниво податоците за индустриското производство по наменски групи во октомври 2012 година покажуваат зголемување на производството во групите: Трајни производи за широка потрошувачка 25,9%, Енергија 6,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка 5,1%. Пад е забележан во следните групи: Капитални производи 20,5% и Интермедијарни производи, освен енергија 3,1%.

На кумулативна основа, во првите десет месеци од 2012 година во однос на истиот период од минатата година раст од 0,8 е забележан кај групата Капитални производи. Пад на производството е забележан во групите: Трајни производи за широка потрошувачка 36,4%, Енергија 20,8%, Нетрајни производи за широка потрошувачка 3,3% и Интермедијарни производи освен енергија 1,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Според оценката на раководителите, тековната економска состојба на деловните субјекти во октомври 2012 година е поповолна во однос на претходниот месец, а во однос на октомври 2011 година е понеповолна.

Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е поповолна во однос на претходниот месец и во однос на октомври 2011 година. Оценката за обемот на производството во изминатите три месеци е поповолна во однос на септември 2012 година, а во однос на октомври 2011 година е понеповолна. Очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец и во однос на октомври 2011 година.

Во однос на бројот на вработените, очекувањата се понеповолни во однос на

минатиот месец, а во однос на октомври 2011 година очекувањата се подобрени.

Просечното искористување на капацитетите во октомври 2012 година изнесува 58,4%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 58,2%. Споредено со октомври 2011 година, искористеноста на капацитетите е пониска за 4,5 п.п..

Залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали се под и околу нормалата. Оценката за сегашната состојба со залихите на готови производи е понеповолна во споредба со претходниот месец и во споредба со октомври 2011 година. Во наредниот тримесечен период, според оценката на раководителите, просечните набавни цени на инпутите како и продажните цени на готовите производи се очекува да се зголемат.




Најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во октомври 2012 година имаат следните фактори: недоволна странска побарувачка со 23,5%, недоволна домашна побарувачка со 17,7%, финансиски проблеми со 13,7%, недостиг на квалификувана работна сила со 10,1%, неизвесно економско окружување со 8,6% и конкурентен увоз со 7,0%.

Како ограничувачки фактори во октомври 2012 година во однос на септември 2012 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната странска побарувачка, недоволната домашна побарувачка, финансиските проблеми, конкурентниот увоз, додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле: недостигот на квалификувана работна сила и недостигот на суровини. Кај останатите фактори нема позначајни промени.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во октомври 2012 година во однос на октомври 2011 година забележа намалување од 5,4%. Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,6%, додека намалување на бројот на работници на годишно ниво има во секторите Преработувачка индустрија од 6,4% и Рударство и вадење камен за 0,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2012 година во однос на октомври 2011 година покажуваат дека во групата Енергија има зголемување на бројот на работници за 0,5%, додека намалување има кај групите: Капитални производи за 10,9%, Трајни

производи за широка потрошувачка за 9,1%, Нетрајни производи за широка потрошувачка за 6,9% и Интермедијарни производи, освен енергија за 3,7%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2012 година се издадени 258 одобренија за градба, што е намалување од 3,7% во однос на истиот месец од 2011 година. Вкупниот број издадени одобренија за градење во однос на септември 2012 година, кога беа издадени 266 одобренија, се намали за 3%.

Предвидената вредност на објектите, според издадените одобренија за градење во септември, изнесува 3.139 милиони денари, што е за 29,1% повеќе во однос на истиот месец од 2011 година, а во однос на септември 2012 година вредноста на објектите бележи зголемување за 31,7%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 196 (76%) се наменети за објекти од високоградба, 30 (11,6%) за објекти од нискоградба и 32 (12,4%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 258 објекти за кои се издадени одобренија за градба, на 189 (73,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 69 објекти (26,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Во октомври 2012 година е предвидена изградба на 501 стан, со вкупна корисна површина од 42.181 м². Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 1,2% во однос на истиот месец од 2011 година, а за 5,3% е зголемен во однос на септември 2012 година.




Анализирано по региони, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 66 одобренија, од кои 40 се за инвеститори - физички лица, а 26 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Вардарскиот и Североисточниот регион, по 13 одобренија, при што во Вардарскиот регион се издадени 8 одобренија за инвеститори - физички лица и 5 за инвеститори - деловни субјекти, додека во Североисточниот регион се издадени 9 одобренија на инвеститори - физички лица и 4 за инвеститори - деловни субјекти.

Во периодот јануари-октомври 2012 година, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 666, од кои 410 за инвеститори - физички лица, а 256 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Вардарскиот регион, вкупно 114 , од кои 70 одобренија се за инвеститори - физички лица, а 44 за инвеститори -деловни субјекти.

## Инфлација

Стапката на инфлација, измерена според Индексот на трошоците на живот, во октомври 2012 година изнесува 5,3% во однос на истиот месец претходната година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - октомври 2012 година изнесува 3,1%.

На годишна основа, во октомври растот на цените е највисок во категоријата Домување и изнесуваше 9,9%, што се должи пред сè на растот на цените за огрев и осветление кои забележаа раст од 14,3%. Раст на цените е забележан и кај следните категории: Облека и обувки 8,6%, Исхрана 5,9%, Хигиена и здравје 3,7%, Култура и разонода 2,8%, Ресторани и хотели 2,1%, Сообраќајни средства и услуги 1,7% и Тутун и пијалаци 0,1%. Пад на цените е забележан во категоријата Административни и финансиски услуги од 0,2%.




Стапката на инфлација во октомври споредено со претходниот месец изнесува 0,2%. Највисок месечен раст на цените е забележан кај категоријата Облека и обувки од 2,6%, што се должи пред сè на растот на цените на обувките од 5%. Раст на цените е забележан и во категориите Хигиена и здравје од 0,7% и Исхрана од 0,6%. Цените останаа непроменети во категориите Тутун и пијалаци, Ресторани и хотели и Административни и финансиски услуги. Категоријата Сообраќајни средства и услуги забележа месечен пад на цените од 1,5%, главно како резултат на намалените цени на нафтените деривати за 3,9%. Пад на цените е забележан и во категориите Домување од 0,4% и Култура и разонода од 0,3%.

Во октомври 2012 година цените на мало се повисоки за 4,1% во однос на октомври 2011 година. Споредено со претходниот месец цените на мало се пониски за 0,3%. Просечниот раст на цените на мало во периодот јануари - октомври 2012 година изнесува 3,2%.

## Берзански цени

Во октомври 2012 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 1,2% во однос на претходниот месец и достигна вредност од 112 долари за барел. Споредено со октомври 2011 година, цената на нафтата е повисока за 2,3%. Просечната цена на природниот гас во октомври се зголеми за 3,8% во однос на претходниот месец.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, на светските берзи во октомври се тргуваше по просечна цена од 17.169 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 0,7%. Споредено со октомври 2011 година цената на никелот е пониска за речиси 10%. Во рамките на основните метали, месечен пад на цените е забележан и за цинкот од 5,3%, алуминиумот од 4,4%, оловото од 1,7% и бакарот од 0,3%. Цената на железната руда во октомври забележа висок раст од 14,6% на месечно ниво, по последователното намалување на цената изминатите пет месеци. Во рамките на благородните метали, низок месечен раст на цената забележаа платината и златото, додека цената на среброто забележа пад.




Цената на житото на светските берзи во октомври регистрираше месечен раст од 1,4%.

## 2. Надворешно-трговска размена

Вкупната надворешно-трговска размена во првите десет месеци од 2012 година бележи поместување надолу за 1,1% во однос на истиот период од 2011 година.

### Извоз

Во периодот јануари-октомври 2012 година физичкиот обем на извозот бележи пад од 12,5% во однос на истиот период од 2011 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 2.566,3 милиони евра, и бележи контракција од 3,3% (88,4 милиони евра) во однос на периодот јануари- октомври 2011 година.



Анализирано на месечно ниво, во октомври 2012 година извозот бележи поместување надолу од 3,2% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на извозот во октомври 2012 година бележи месечен раст од 5,6%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (8,8 п.п.) врз извозот во овој месец.




Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; фероникел; машини и апарати за филтрирање или пречистување други гасови со каталичка постапка; гасни масла со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; тутун; машки кошули од памук; табли, плочи, пултови, маси, ормани и други; топло валани плоснати производи од железо или нелегиран челик со ширина 600мм или поголема; руди на олово и концентрати; руди на бакар и концентрати; лекови приготвени во одмерени дози и друго.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари- октомври 2012 година се: железо и челик со 21,5%, облека 14,6%, хемиски материи и производи 12,4%, пијалаци и тутун 5,8%, метална руда и отпадоци од метал 5,3%, нафта и производи од нафта 5,1%. Овие шест групи производи сочинуваат 64,7% од вкупниот извоз на државата.

Во првите десет месеци од 2012 година, гледано по економска намена најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриско производство (51,6%), потоа следуваат стоките за лична потрошувачка (32,7%), производите за инвестиции (9,4%) и енергијата (6,2%).

## Увоз

Увезените количини стоки во периодот јануари-октомври 2012 година се намалени за 1,4% во однос на истиот период претходната година, а нивната вредност изнесува 4.137,0 милиони евра, што претставува зголемување за 0,3% (12,2 милиони евра) во однос на периодот јануари- октомври 2011 година.




| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2011 | I-X 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 301,1 | 187,8 | -113,3 | -37,6 |
| Мил. ЕУР | 190,9 | 131,3 | -59,6 | -31,2 |
| Мил.$ | 269,8 | 169,0 | -100,7 | -37,3 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2011 | I-X 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1.008,2 | 906,8 | -101,4 | -10,1 |
| Мил. ЕУР | 597,3 | 610,4 | 13,2 | 2,2 |
| Мил.$ | 841,2 | 783,8 | -57,4 | -6,8 |

*)Претходни податоци

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2012 година увозот бележи раст од 10,3% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на увозот во октомври 2012 година бележи месечен пад од 3,3%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (13,5 п.п.) врз увозот во овој месец.

Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; платина, необработена или во прав; електрична енергија; нафта сурова; руди на никел и концентрати; моторен бензин со октански број (РОН) од 95 или поголем, но помал од 98; масла за ложење; топло валани со дебелина помала од 3мм; нафтени гасови и други гасовити јагленоводороди; лекови приготвени во одмерени дози; паладиум: необработен или во прав и слично.

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2011 | I-X 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 21,5 | 19,9 | -1,6 | -7,5 |
| Мил. ЕУР | 334,0 | 317,6 | -16,5 | -4,9 |
| Мил.$ | 467,2 | 408,6 | -58,7 | -12,6 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2011 | I-X 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 23,1 | 25,0 | 2,0 | 8,6 |
| Мил. ЕУР | 63,8 | 57,6 | -6,2 | -9,7 |
| Мил.$ | 89,5 | 74,1 | -15,3 | -17,2 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во периодот јануари-октомври 2012 година, покрај нафтата отпаѓа на обоени метали; предиво, ткаенини и текстилни производи; железо и челик; друмски возила; електрична енергија; метална руда и отпадоци од метал; и друго.

Гледано по економска намена, во периодот јануари- октомври 2012 година најголем удел во увозот имаат стоките за индустриско производство (42,0%), потоа следуваат стоките за лична потрошувачка (23,2%), енергијата (20,8%) и производите за инвестиции (13,8%).

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2011 | I-X 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 669,9 | 550,8 | -119,1 | -17,8 |
| Мил. ЕУР | 598,6 | 553,0 | -45,6 | -7,6 |
| Мил.$ | 840,9 | 709,4 | -131,4 | -15,6 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X 2011 | I-X 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 506,0 | 445,4 | -60,7 | -12,0 |
| Мил. ЕУР | 269,8 | 234,0 | -35,8 | -13,3 |
| Мил.$ | 378,0 | 299,6 | -78,4 | -20,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите десет месеци во 2012 година трговскиот дефицит се прошири за 100,5 милиони евра или 6,8% во однос на истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, проширувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширеното негативно салдо во размената со енергетските производи (горива и мазива), стоките за лична потрошувачка и стоките за индустриско производство, додека во спротивна насока дејствуваше поголемото стеснување на негативното салдо во размената со производите за инвестиции.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари-октомври 2012 година, споредено со истиот период од 2011 година, извозот бележи пад кај групациите: Развиени земји, ЕУ 27, ЕФТА, Земји во развој и Западен Балкан, додека раст има кај групациите: Други развиени земји и неразвиени земји. Извозот во ЕУ бележи пад од 9,6% на годишно ниво, додека кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 22,3%.

Во првите десет месеци од 2012 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) во однос на истиот период претходната година се намалила за 4,5%, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување од 3,3 п.п. и изнесува 60,5%, при што извозот на стоки учествува со 62,4%, а увозот на стоки со 59,3%.

Во периодот јануари- октомври 2012 година, 75,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Грција, Велика Британија, Русија, Турција и Србија, а потоа следуваат: Кина, Бугарија, Италија, Швајцарија, Полска, Словенија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Босна и Херцеговина и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 70,3% од трговската размена во периодот јануари-октомври 2012 година е реализирана во евра, и во однос на периодот јануари-октомври 2011 година е зголемена за 0,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 79,1% и 64,9% соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 1,4 п.п., додека кај увозот е намалена за 0,6 п.п. во однос на истиот период од 2011 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I-X 2011 | | | | | I-X 2012 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.534,5 | 2.707.701.217 | 61,5042 | 166.534.997.206 | 65,5 | 2.430,6 | 2.684.528.752 | 61,4990 | 165.095.833.722 | 64,9 | -23.172.465 | -0,9 |
| УСД | 2.560,1 | 1.461.648.675 | 44,9128 | 65.646.734.629 | 25,8 | 2.593,4 | 1.392.188.945 | 47,4019 | 65.992.401.170 | 25,9 | -69.459.730 | -4,8 |
| ГБП | 2,3 | 302.476.046 | 70,6839 | 21.380.186.560 | 8,4 | 2,4 | 271.545.805 | 76,2839 | 20.714.573.059 | 8,1 | -30.930.240 | -10,2 |
| ЕУР+УСД+ ГБП | 5.096,8 | | | 253.561.918.394 | 91,3 | 5.026,3 | | | 251.802.807.950 | 99,0 | | |
| вк извоз: | 5.105,3 | | | 254.418.336.327 | 100,0 | 5.034,0 | | | 254.401.200.511 | 100,0 | | 0,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во периодот јануари- октомври 2012 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 113.342 милиони денари, односно 23,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 0,5% во однос на 2011 година.

Даночните приходи за овие десет месеци се реализирани во износ од 62.751 милиони денари, односно 12,9% од БДП и во однос на истиот период од 2011 година се намалени за 2,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 32.242 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 51,4%. Акцизите се реализирани во износ од 13.561 милиони денари (учество од 21,6% во даночните приходи). Така, од овие два данока остварени се приходи од 45.803 милиони денари, односно 73,0% од вкупните даночни приходи (9,4% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 49.240 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 16.999 милиони денари (бруто наплатата е пониска за 2,3%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 6,8% споредено со истиот период од 2011 година).




Во структурата на ДДВ, најголемо е учеството на ДДВ при увозот кој забележува пад од 1,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува пад од 3,2%, учеството на ДДВ донациите и каматата е незначително (0,4%) и забележува помало остварување за 52,8%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 7.632 милиони денари и се зголемени за 1,1% на годишна основа (околу 72,6%, од реализираниот персонален данок претставува приходот од данокот на плати

и други лични примања). Споредено со истите десет месеци во 2011 година приходите од данокот од добивка забележаа пад од 4,7%, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по основ на наплатен данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката. Приходите од ДДВ забележаа пад од 6,5%, додека акцизите забележаа раст од 5,0%. Приходите од царината  износуваа 3.352 милиони денари и забележаа зголемување од 7,9%.

Неданочните приходи  изнесуваа 10.639 милиони денари и во однос на истиот период од 2011 година се помали за 3,1% (во овие приходи се приходите од административни такси, патарини и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 4.177 милиони денари, што претставува зголемување од  28,2% во однос на истиот период претходната година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 33.216 милиони денари, што е повеќе за 2,7% споредено со истиот период од 2011 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско осигурување од 2,6%, кај придонесите за вработување од 3,0%, односно придонесите за здравствено осигурување забележаа зголемување од 3,1%.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари- октомври 2012 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 126.566 милиони денари, односно 26,0% од БДП, што е повеќе за 3,2% во однос на 2011 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 113.193 милиони денари учествуваа со 89,4% (со учество од 23,3% во БДП) и се зголемени за 4,4% во однос на истиот период од 2011 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 79.474 милиони денари (16,4% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 18.924 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 15,0% и во однос на 2011 година се намалени за 1,8%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.645 милиони денари и споредено со истиот период од 2011 година се поголеми за 3,3%.

Трансферите забележаа зголемување од 5,7% споредено со истиот период од 2011 година и истите учествуваа со 62,8% во вкупните расходи. Социјалните трансфери изнесуваа 57.832 милиони денари, забележаа раст од 4,0% и учествуваа со 45,7% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 34.144 милиони денари, зголемување од 5,1%, споредено со истиот период од 2011 година и сочинуваат 27,0% од вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 16,4% од вкупните расходи  , односно забележаа зголемување од 9,6%, споредено со

истиот период од 2011 година. Оваа година речиси сите, односно 83 единици за локална самоуправа преминаа во втората фаза на децентрализација. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 11.368 милиони денари, беа реализирани за 6,9% повеќе во однос на десетте месеци од претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 14,2% повеќе .

Каматите се реализирани во износ од 3.150 милиони денари, што е за 16,7% повеќе во споредба со истиот период од 2011 година. Ваквото зголемување се должи пред сè  на исплатата на доспеаните обврски за камати од задолжување во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување забележаа зголемување од  4,6%, додека за странство беа зголемени за 23,5%.

Во анализираниот период средствата за капиталните расходи беа реализирани во износ од 13.373 милиони денари (2,8% учество во БДП), додека во вкупните расходи учествуваа со 10,6%.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари- октомври 2012 година во Буџетот на Република Македонија остварен е дефицит од 13.224 милиони денари, што претставува 2,72% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет  изнесува 11.451 милиони денари и претставува 2,35% од БДП.

# 4. Социјален сектор

## Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари-октомври 2012 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 165.314 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 42,5% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од 2011 година бројот на засновани нови работни односи е помал за 12,5%.




Во текот на октомври засновани се 16.185 нови работни односи, од кои 22,8% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во октомври изнесува 10.792, од кои 33,1% претставуваат нови засновани работни односи. Во октомври, во Агенцијата е регистриран прилив од 9.124 лица, од кои 49,6% се лица на кои им престанал работниот однос. Резултатот е намалување на невработеноста за 1.168 лица,

односно за 0,7% во однос на претходниот месец. Така, во октомври 2012 година бројот на невработени лица изнесува 246.841. Споредено со истиот месец од 2011 година, бројот на невработени лица е намален за 14%.

Најголем дел од невработените, односно 67,5% се од урбани средини (градско население), а 56,8% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел, односно 47,3% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 10,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 55,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање за вработување, 50,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,7% чекаат вработување 8 и повеќе години.

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во септември 2012 година изнесува 30.556 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 20.779 денари.

На месечна основа, во септември 2012 година просечната бруто плата бележи номинален пад од 0,7%, додека реално платата е пониска за 2,1%. Во истиот период, просечната нето плата номинално беше пониска за 0,9%, додека реалната плата забележа пад од 2,3%.

Во септември 2012 година во однос на септември 2011 година, просечната бруто плата забележа номинален раст од 0,7%, додека реално истата беше пониска за 4,4%, а нето платата забележа номинален раст од 0,6%, додека реално истата беше пониска за 4,5%.




Кумулативно, во првите девет месеци од 2012 година, просечната бруто плата забележа номинален раст од 0,2%, додека реално истата беше пониска за 2,6%. Во истиот период, просечната нето плата номинално беше повисока за 0,2%, додека реалната плата забележа пад од 2,5%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во септември 2012 година во однос на септември 2011 година е забележан во дејностите: Други услужни дејности (11,8% бруто плата и 11,1% нето плата), Стручни, научни и технички дејности (10,1% бруто плата и 12,2% нето плата) и Земјоделство, шумарство и рибарство (5,1% бруто плата и 4,9% нето плата).

Највисок пад на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во септември 2012 година во однос на август 2012 година е забележан во дејностите: Рударство и вадење камен (4,6% бруто плата и 4,7% нето плата),

Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (4,1% бруто плата и 4,1% нето плата) и Административни и помошни услужни дејности (2,5% бруто плата и 2,8% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во септември 2012 година изнесува 2,2%, и е понизок за 0,1 п.п. во однос на истиот месец од претходната година, а во однос на август 2012 година процентот на вработени кои не примиле плата е помал за 0,3 п.п.

## Пензии

Во октомври 2012 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се евидентирани 281.567 пензионери, што претставува зголемување од 1,4% во однос на истиот месец од 2011 година. Во однос на септември 2012 година, бројот на корисници на пензија е помал за 82 лица. Од вкупниот број пензионери, 57% се корисници на старосна пензија, 26,8% на семејна пензија и 16,2% на инвалидска пензија.




За исплата на пензии во октомври 2012 година потрошени се 3.029,23 милиони денари, што претставува 50,2% од вкупните социјални трансфери[1].

Просечната пензија во октомври 2012 година изнесува 10.908 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 2,7%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2012 година (последни расположливи податоци) изнесува 51,9%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во октомври 2012 година примарните пари[2] забележаа забавен годишен раст од 6,2% на годишна основа (наспроти 13,7% во септември), во услови на забавен раст на вкупните ликвидни средства на банките од 4,6% и готовите пари во оптек од 8,5%.

[1] Категоријата социјални трансфери ги опфаќа пензиите, паричниот надоместок во случај на невработеност, социјалната помош и расходите за здравствена заштита.

[2] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

На месечна основа, примарните пари забележаа пад од 2%, како резултат на падот на готовите пари во оптек и вкупната ликвидност на банките од 2%.

Во октомври 2012 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на благајничките записи на непроменето ниво од 3,75% имајќи ги предвид најновите макроекономски движења.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[3] во октомври 2012 година забележа месечен раст од 0,9%, движен главно од растот на депозитите на приватните претпријатија од 3,3%. Депозитите на домаќинствата во однос на претходниот месец се повисоки за 0,2%. Од аспект на валутата, денарските депозити забележаа раст од 1,2%, додека девизните депозити се зголемија за 0,5%.




На годишна основа, вкупните депозити во октомври 2012 година остварија раст од 5,5%, наспроти 5,7% во септември 2012 година. Растот е воден од депозитите на домаќинствата од 9%, додека депозитите на претпријатијата регистрираа годишен пад од 4,2%, како резултат на падот на депозитите на претпријатијата во странска валута од 16,3%.

Од аспект на валутата, новото штедење е целосно во домашна валута во услови на раст на денарските депозити од 16,3% на годишна основа, додека депозитите во странска валута се намалија за 4,9%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 22,4%, а краткорочните депозити се непроменети.




## Кредити на банките

Во октомври 2012 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор на месечна основа се намалија за 0,2%, што од аспект на валутната

3 Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

структура е резултат на падот на девизните кредити од 2%. Денарските кредити забележаа раст од 0,4%.

Кредитите кон домаќинствата бележат раст од 0,6% во однос на претходниот месец, додека кредитите кон приватните претпријатија се намалија за 0,7%.

На годишна основа, растот на вкупните кредити забави на 5,9% (наспроти 6,7% во септември), во услови на забавен раст на кредитите кон приватните претпријатија од 5,1%. Кредитите кон домаќинствата забележаа раст од 6,6%. Од валутен аспект, денарските кредити бележат годишен раст од 9,4%, додека кредитите во странска валута се намалија за 3,5%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 5%, додека краткорочните кредити се повисоки за 3,6%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2012 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 7,9% и е пониска за 0,4 п.п. во однос на истиот месец претходната година. Каматната стапка на денарските кредити изнесува 8,4%, додека каматната стапка на девизните кредити изнесува 6,9%, односно истите се пониски за 0,4 п.п. и 0,5 п.п., соодветно, во однос на истиот месец претходната година.




Вкупната каматна стапка на депозитите е намалена за 0,5 п.п. во однос на истиот месец претходната година и изнесува 3,3%. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 4,9% што на годишна основа е пониско ниво за 0,9 п.п., додека каматната стапка на девизните депозити изнесува 2,1% или 0,5 п.п. под нивото од истиот месец минатата година.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2012 година изнесуваа 2.089,5 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 14,1 милиони евра, додека во однос на октомври 2011 година девизните резерви се повисоки за 250,9 милиони евра.

**Министерство за финансии**

**Сектор за макроекономска политика**

**www.finance.gov.mk**

**Извештајот го подготвија:**

Анета Ацевска

Бојана Илиевска

Ѓоко Ѓорѓески

Копринка Сапунова

Неџати Куртиши

Ана Николова

Ангела Васовска

**Контролирал:** Д-р Сања Киковска - Георгиевска

**Одобрил:** Јордан Трајковски

Скопје, декември 2012 година